Transition Assistance and Institutional Building
(IPA Component I) National Programme 2011

# Local Integration of Refugees, Internally Displaced Persons and Minority Groups

*Contract No.: 12-8715/1*

**КРАТОК ОСВРТ НА СТАТУСОТ И ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ЗА НЕРЕГИСТРИРАНИ РОМИ**
**Финално – 29 јуни 2016 год.**

*Date 29/06/2016*

This project is funded by the European Union

The project is implemented in a consortium led by eptisa

# КРАТОК ОСВРТ НА СТАТУСОТ И ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ЗА НЕРЕГИСТРИРАНИ РОМИ

## Финално – 29 јуни 2016 год.

Содржината на овој извештај е целосна одговорност на ЕПТИСА и во никој случај не ги рефлектира ставовите на Европската Унија.

# КОНТРОЛЕН ЛИСТ НА ПРОЕКТОТ

| | |
|---|---|
| **Име на проектот:** | Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи |
| **Референтен број:** | EuropeAid/136616/IH/SER/MK |
| **Договорна страна:** | Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерство за финансии, Република Македонија |
| **Корисници на проектот:** | • Министерство за труд и социјална политика (МТСП);<br>• Кабинет на министер без портфолио;<br>• Секретариат за европски прашања (СЕП);<br>• Ромски информативни центри (РИЦ);<br>• Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата и Декадата за Ромите;<br>• Единици на локална самоуправа;<br>• Агенција за вработување;<br>• Невладини организации со искуства во областите на инклузија на Ромите, бегалците и внатрешно раселените лица |
| **Консултант:** | Ептиса во конзорциум CARE, МЦМС и Ромскиот образовен фонд (РЕФ) |
| **Извештај:** | Краток осврт на статусот и документите за лична идентификација за нерегистрирани Роми |
| **Проектна активност:** | Активност 1.3- Подготовка на анализа на постоечката законска регулатива, процедури и практики и давање на препораки во однос на идентификувањ на пречките и давање на услуги за подобрено регулирање на статусот. |
| **Резултати на проектот:[1]** | 7. Краток осврт на статусот и документите за лична идентификација за нерегистрирани Роми |

[1]Во согласност со нумерирање на резултатите во поглавјето 12 од Почетниот извештај за проектот

# КЛУЧНИ ДОГОВОРНИ ДЕТАЛИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на програмот:** | Асистенција за транзиција и институционално јакнење (IPA компонента I) | | |
| **Име на проектот:** | Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи | | |
| **Референтен број:** | EuropeAid/136616/IH/SER/MK | | |
| **Број на договор:** | 12-8715/1 | | |
| **Времетраење на проектот:** | 18 месеци | | |
| **Почеток на проектот:** | 11 јануари 2016 | | |
| **Завршеток на проектот:** | 11 јули 2017 | | |
| ***Име:*** | Министерство за труд и социјална политика (МТСП)<br>……………………….. | Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерство за финансии<br>……………………… | Ептиса Југоисточна Европа доо<br>…………………….. |
| ***Улога:*** | *Корисник* | *Договорна страна* | *Изведувач на работите* |
| ***Адреса:*** | Даме Груев 14 | Даме Груев 12 | Орце Николов 74 |
| ***Телефон:*** | +389 2 3106 224 | +389 2 3255 404 | +389 2 311 99 07 |
| ***Факс:*** | +389 2 3106 224 | +389 2 3255 374 | +389 2 311 99 89 |
| ***Е-маил:*** | MKamberi@mtsp.gov.mk | Radica.Koceva@finance.gov.mk | bpetak@eptisa.com |
| ***Контакт лице:*** | Мабера Камбери | Радица Коцева | Бојан Петак |
| **Општа цел:** | Да се подобрат капацитетите на државната администрација за зајакнување и поддршка на процесите на локална интеграција и вклучување на раселени лица резиденти и/или нерезиденти (бегалци или внатрешно раселени) и малцински групи (Роми), како и да се зголеми оддржливоста на нивната доверба. | | |
| **Специфична цел:** | Да придонесе кон подобрувањето на пристапот на Ромите бегалци и внатрешно раселените лица до сеопфатни услуги пружени од државните институции, зголемување на самостојноста преку учеството и вклучувањето во општеството, како и подобрување на квалитетот на животот и пристапот до правата и услугите за социјално вклучување на Ромите, Ашкалиите и Египќаните во земјата. | | |
| **Очекувани резултати:** | <u>Компонента 1: Поддршка во имплементацијата на национални и локални јавни политики за вклучување на Ромите:</u><br>o Имплементиран план за обука за градење на капацитети на релевантните институции за разбој локални акциони планови (ЛАП) во рамките на имплементацијата на Стратегијата и Декадата за Ромите.<br>o Подобрен капацитет за сите релевантни засегнати страни за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите.<br>o Имплементирани локални акциони планови за Ромите. | | |

<table>
<tr><td></td><td><u>Компонента 2: Зајакнување на институционалните капацитети и пристапот до пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица:</u><br>o Зголемен капацитетот на државните институции и креатори на политики за спроведување на политики за интеграција и олеснување на пристапот до услугите.<br>o Постигната економска одрживост.<br>o Зголемена вработливост.<br>o Стекнати искуства и најдобри практики во областа на интеграцијата на бегалците.</td></tr>
<tr><td>Клучни активности:</td><td><u>Компонента 1: Поддршка во имплементацијата на национални и локални јавни политики за вклучување на Ромите:</u>:<br>• Активност 1: Поддршка на националната институционална структура на Стратегијата за Роми и Декадата за вклучуввање на Ромите<br>• Активност 2: Поддршка на локалната институционална структура за креирање и имплементација на политики за Ромите<br><u>Компонента 2: Зајакнување на институционалните капацитети и пристапот до пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица</u><br>• Активност 3: Зајакнување на институционалните капацитети и пристап до пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица</td></tr>
<tr><td>Клучни корисници:</td><td>• Одделение за имплементација на Стратегијата за Ромите, МТСП<br>• Одделение за миграција, азил и хуманитарна помош, МТСП</td></tr>
<tr><td>Целни групи:</td><td>• МТСП (Одделение за имплементација на Стратегијата за Ромите и Одделение за миграција, азил и хуманитарна помош<br>• Кабинет на Министер без ресор<br>• Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата и Декадата за Ромите<br>• Единиците на локалната самоуправа<br>• Агенцијата за вработување<br>• Невладините организации активни на полето на икклузија на Ромите, бегалците и внатрешно раселените лица</td></tr>
</table>

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 8
2. ТЕКОВНА СОСТОЈБА ........ 9
3. МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА ........ 10
4. ГРАЃАНСКИ СТАТУС ........ 12
5. ДОКУМЕНТИ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ........ 14
6. ЗАКЛУЧОЦИ ........ 15
7. ПРЕПОРАКИ ........ 16
ЦИТИРАНИ ДОКУМЕНТИ ........ 18

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ДНК | Дезоксирибонуклеинска киселина |
| ЕУ | Европска Унија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| РИЦ | Ромски нифомативен центар |
| УВМК | Управа за водење на матичните книги на родените, венчаните и умрените |

# 1. ВОВЕД

Имањето на документи за лична идентификација значи да бидеш регистриран во државата во која живееш. Овие документи му обезбедуваат пристап на лицето до најосновните права, како што е правото на образование, социјална заштита, работа, здравствено осигурување, и други бенефиции обезбедени од државата. Соодветен граѓански статус и добивање на документи за лична идентификација се, всушност, предуслов за почитување на човековите и граѓанските права.

Целта на овој документ е да се презентираат во концизна форма за практична примена наодите од анализата на законската регулатива, процедури, и практики поврзани со статусот и документите за лична идентификација за Ромите. Почнувајќи со краток преглед на тековната состојба во оваа област, документот ги сумира резултатите од анализата на статусот на граѓаните, евиденција на родените, и документи за лична идентификација, истакнувајќи ги клучните наоди во секоја област. Серија на синтетички заклучоци и препораки обезбедуваат конкретна основа за дејствување за решавање на прашањата опфатени во документот.

Овој документ (Излезен резултат 7) придонесува за имплементација на Активноста 1.3 (“Подготовка на анализа на постоечката законска регулатива, процедури и практики и давање на препораки во однос на идентификување на пречките и давање на услугите за подобрен пристап до документи за последователни идентификација и евиденција на родените, регулирање на статусот, стекнување на лична документација за Роми, како и подготовка на краток документ за јавни политики  и одржување на информативни средби за превентивна акција”) на проектот финансиран од ЕУ “Локална интеграција на бегалци, внатрешно раселени лица и малцински групи”. Документот се базира на другите два излезни резултати на оваа Активност: извештај со препораки[2] и серија на информативни средби за споделување на резултатите од анализата.

[2] Review report of legislation, procedures and practices, with recommendations related to citizen’s status and personal identification documents for Roma, EPTISA, 2016.

# 2. ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во последниве години, евиденцијата на родените, граѓанскиот статус и документите за лична идентификација за Ромите беа признаени како важни општествени проблеми. Министерството за труд и социјална политика (МТСП)[3] наведува дека има приближно 550 Роми кои не се регистрирани од страна на државата во 2015 година, односно лица кои не се регистрирани како граѓани на Репубика Македонија. Дополнителни напори идентификуваа вкупно 850 Роми кои не се регистрирани од страна на државата до првата половина на 2016 година. Активисти проценуваат дека може да има до 1,500 Роми лица без регистрација од страна на државата.

Од 2011 година, напорите на државата да се справи со овие прашања на системски начин се координирани од страна на националната работна група водена од МТСП. Групата се состои од претставници на одговорните јавни институции, како што се Управата за водење на матичните книги на родените, венчаните, и умрените (УВМК) и Министерството за внатрешни работи (МВР) и неколку граѓански организации активни на тоа поле.

На локално ниво, Ромските информативни центри (РИЦ) и неколку граѓански организации им даваат поддршка на ромските заедници во евиденцијата на родените, добивањето на личните документи и остварувањето на други права. Финансирани од државата, РИЦ постојат во 12 општини[4] низ земјата. Неколку граѓански организации имаат стекнато значителна стручност и искуство во поддршка на пристапот на Ромите до државните регистри и добивањето на лични документи.[5]

Европската Унија (ЕУ), исто така, го истакна ова прашање во 2015 година,[6] презентирајќи го постигнатиот напредок, но, исто така истакнувајќи ја потребата од натамошни напори. На тој начин, регистрацијата на Ромите со релевантните власти и нивниот пристап до документите за лична идентификација носат значење за напорите на Македонија да стане членка на ЕУ.

[3] Акционен План за вклучување на Роми и Роми бегалци. Статус на реализација на активности со податоци од 2014 година

[4] По азбучен редослед: Берово, Битола, Виница, Гостивар, Делчево, Кочани, Куманово, Прилеп, Тетово, Чаир, Штип и Шуто Оризари.

[5] По азбучен редослед (листата не е сеопфатна): Амбрела, Кхам, Лил, Македонска Асоцијација на Млади Правници, Месечина, Национален Ромски Центар, Хелсиншки Комитет за Човекови Права на Република Македонија.

[6] The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2015, Европска Комисија, 2015

# 3. МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

Законот за матичната евиденција[7] го опфаќа регистрирањето на родени, бракови и умрени: Сите родени на територијата на Република Македонија треба да бидат регистрирани. Родителот треба да ја заврши постапката за регистрација на новороденчето во рок од 30 дена од неговото раѓање, доставувајќи, во најмала рака, валиден личен документ и извод од матичната книга на венчани во случај детето да е родено во здравствена институција, или потврда од гинеколог дека ја породил мајката и нотарски заверени изјави на двајца сведоци, во случај на раѓање дома.

Законот за семејство[8] предвидува дека татковство може официцијално да се регистрира само доколку мајката на детето изјави. Тоа значи дека само мајката може да го регистрира детето ако изјавата за согласност за признавање на татковство е, од било која причина, непостоечка (вклучувајќи и недостаток од валидни лични документи на мајката).

Некои Роми кои живеат во голема сиромаштија и социјална исклученост не се свесни и не ги исполнуваат овие обврски. Тие немаат информации и разбирање за административните процедури кои се бараат, се чувствуваат несигурни да пристапат во јавните институции и се плашат од парични казни за немањето на различни потребни документи на време.

Измените на Законот за матична евиденција од 2016 година даваат можност за „дополнителна“ регистрација на деца и лица во матичната книга на родените. Сепак, законот конкретно не ги наведува потребните документи, но бара „докази и податоци“, вклучувајќи и ДНК тестови за поддршка на барањето. Ова прави притисок врз јавните службеници кои работат во подрачните одделенија на УВМК, кои чувствуваат одговорност да го оценат квалитетот на обезбедените „докази и податоци“. Како резултат на тоа, подрачните одделенија на УВМК имплементираат различни практики кога се работи за барања за дополнително запишување во матичната книга на родените.

Како дел од напорите за решавање на ова прашање, МТСП обезбедува финансиска поддршка за спроведување на околу 30 ДНК тестови годишно. РИЦ и граѓанските организации обезбедуваат информации, правни совети и поддршка за Ромите кои немаат евиденција на раѓање.

---

[7] Закон за матична евиденција (Службен весник на Репубика Македонија бр. 8/1995, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/2013, 43/2014, 148/2015 и 27/2016)

[8] Закон за семејство (Службен весник на Република Македонија бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015

**Клучни наоди за уписот на родените:**

- **Уписот на родените кај Ромите не е универзален дури и во денешно време.** Ова го овековечува проблемот од една генерација на друга.

- **Законот за матична евиденција предвидува процедура за дополнителна регистрација, но не наведува конкретни барања.** Ова изгледа збунувачки и за барателите и за институциите и резултира во различни практики на локалните филијали на УВМК.

- **Барателите добиваат "докази и податоци" на свој трошок за дополнително да го поддржат барањето за регистрација.** Ова, како и фактот дека собирањето на сите потребни докази и податоци може да одземе значителен период на време е обесхрабрувачки за некои Роми да започнат со барање за дополнителна регистрација.

- **Граѓанските организации и РИЦ имаат развиено значително искуство и стручност во олеснувањето на комуникацијата помеѓу Ромите и релевантните власти.**

# 4. ГРАЃАНСКИ СТАТУС

Клучниот закон за регулирање на граѓанскиот статус е Законот за Државјанство:[9] Едно лице може да добие македонско државјанство со неговото потекло, со раѓање на територијата на Република Македонија, преку натурализација или врз основа на меѓународни договори. Ова значи дека ако еден од родителите има Македонско државјанство, и детето има право да добие Македонско државјанство исто така. Меѓутоа, овој критериум е исполнет само доколку најмалку еден од родителите има комплетна документација издадена од страна на институциите на Република Македонија.

Роми родени во Република Македонија а кои не се регистрирани во матичната книга на родените се лица без граѓански статус, како што се некои Роми родени во другите држави кои произлегоа од поранешната Југославија, кои го немаат регулирано својот престој и жителство во Македонија. Постојат случаи на возрасни Роми кои не можат да ја напуштат Република Македонија бидејќи немаат никакви валидни патни исправи. Фактори во вакви случаи може да вклучуваат но не се ограничени на живеење во неформално партнерство (наместо формален брак), недостаток на свест за потребата да го регулираат нивниот статус по независноста на Македонија, и неуспешни обиди да ги добијат сите потребни документи од земјата на потекло.

Затоа, некои навистина сложени индивидуални случаи повикуваат за подобрување на меѓудржавната соработка, особено меѓу Македонија, од една страна, и Србија и Косово, од друга страна. Некои земји во регионот веќе имаат развиено соодветни модели на соработка.

Барањето за државјанство чини 100 Евра (во Денари): 20 Евра по поднесување на барањето, додека 80 Евра се плаќа само доколку одговорот биде позитивен. Членовите на семејствата кои живеат од социјална помош се ослободени од обврската за плаќање на административните такси во процесот.

[9] Закон за државјанство на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 67/1992; 8/2004; 98/2008; 158/2011 и 55/2016)

**Клучни наоди за статусот на граѓаните:**

- **Лицата кои не се регистрирани во матичната книга на родените не можат да добијат државјанство.**

- **Добивање на статус за граѓаните на странски државјани зависи од издавање на соодветни документи од нивната земја на раѓање.**

- **Добивањето на државјанство може да биде скапо надвор од финанските можности на некои Роми.** Ова се однесува не само на трошоците за барање за државјанство само по себе, но исто така и на трошоците за добивање на документи од нивната земја на раѓање (кога е потребно).

- **Постои регионална размена меѓу државните и граѓанските актери и механизми во оваа област.** Ова е добра појдовна точка за потребната соработка меѓу земјите во регионот за заеднички да се справат со нерегулираниот статус кај Ромите ( и други), земајќи ги во предвид веќе функционалните модели во овој поглед.



This EU funded project is implemented in a consortium led by Eptisa Southeast Europe doo

# 5. ДОКУМЕНТИ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Камен- темелник на законодавтсвото во оваа област е Законот за лична карта.[10] Личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на Република Македонија, престојот и адресата на граѓанинот во Република Македонија.

Дополнително на недостатокот на соодветна регистрација и граѓански статус, Ромите се соочуваат со дополнителен проблем во однос на документи за лична идентификација: Сопственост и закуп на местото на живеење се единствената правна основа за запишување на одредена адреса. Овие основи претставуваат проблем за Ромите кои живеат во голема сиромаштија, се бездомници и/или живеат во бесправно изградени објекти или импровизирани куќи. Од друга страна, стекнувањето на сопственост или закуп на место за живеење бара валидни лични документи. Така, овие лица се фатени во еден магичен круг што е многу тешко да се пробие.

Некои земји во регионот, на пример Србија, имаат развиено модел на издавање на “привремени“ лични карти на лицата без постојано место на живеење, во обид да се надмине овој проблем.

**Клучни наоди на документите за лична идентификација:**

- **Документите за лична идентификација не може да се добијат, освен ако лицето е регистрирано во матичната книга на родените и/или го регулирал својот престој во Република Македонија.**

- **Сопственост и закуп на местото на живеење се единствената правна основа за запишување на граѓаните на одредена адреса, што е предуслов за издавање на документи за лична идентификација.**

- **Некои земји во регионот имаат развиено пракса на издавање “привремени“ документи за идентификација.**

[10] Закон за лична карта (Службен весник на Република Македонија бр. 8/1995; 38/2002; 16/2004; 12/2005; 19/2007; 10/2010; 51/2011; 13/2012; 166/2012; 154/2015 и 55/2016)

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ

1. **Необезбедување универзална регистрација на родените, граѓански статус и документи за лична идентификација придонесува на маргинализацијата на Ромите во македонското општество.**

2. **Државните институции се вклучени во обезбедувањето на меѓусекторки одговор на ова прашање, во соработка со граѓанскиот сектор.** Извесен напредок е постигнат во последниве неколку години, вклучувајќи го и воспоставувањето на националната работна група предводена од Министерство за труд и социјална политика и вклучувајќи и претставници на граѓанските организации.

3. **Одредени елементи на постоечкото законодавтсво не се од корист за ефикасно решение на евиденцијата на родените, добивањето статус на граѓанин и лична идентификација за Ромите.** Иако не со "лоша намера", некои елементи на постоечката законска регулатива ги отежнуваат напорите за обезбедување на граѓански статус и лични документи за сите Роми во земјата.

4. **Прашањето на Ромите кои немаат извод од родените, граѓански статус и лични документи е забележано од страна на ЕУ.** Ова прашање е конкретно наведено во извештајот за напредокот на земјата за 2015 година издаден од страна на Европската Комисија, како дел од апликацијата на Македонија за членство во Унијата.

5. **Граѓанските организации се поуспешни од јавните институции во воспоставувањето на комуникација со ромските заедници и обезбедувањето на поддршка на оние кои имаат потреба.** Организациите дејствуваат како посредници и мост на "јазот" помеѓу институциите и Ромите, бидејќи имаат подобро разбирање за ромката култура и се ценети за нивната мината работа.

6. **Потребните административни процедури бараат финансиски средства кои не се достапни за погодените Роми.**

7. **Други земји во регионот имаат развиено нови и иновативни модели и практики во справувањето со уписот на родени, граѓанскиот статус и личните документи.**

8. **Ромите сами треба да бидат подобро информирани и свесни за потребата да обезбедат упис на родените, граѓански статус и документи за лична идентификација.**



This EU funded project is implemented in a consortium led by Eptisa Southeast Europe doo

# 7. ПРЕПОРАКИ

1. **Да се идентификуваат сите Роми во Република Македонија без упис на родените, граѓански статус и документи за лична идентификација.** Ова треба да се направи заеднички од страна на државните институции, вклучувајќи ги општините, граѓанските организации и Ромските информативни центри.

2. **Да се подигне свеста кај Ромите за потребата од обезбедување и можните придобивки од евиденцијата на родените, регулираниот граѓански статус и добивањето на документи за лична идентификација.** Граѓанските организации, Ромските информативни центри и општините треба да ги презентираат можните придобивки за Ромите, наместо да им се закануваат со санкции. Медиумите и релевантните државни институции треба да бидат вклучени исто така.

3. **Да се испитуваат можностите за измена на законодавтсвото што ќе создаде поволни услови за универзална регистрација на раѓањето.** Законот за семејство треба да им овозможи на татковците со валидни документи да осигураат упис на нивните новороденчиња во случаи кога мајката нема документација за да се заврши уписот. Одредби би можеле да се предвидат за воведување на "привремено" или "специјално" старателство од страна на Центарот за социјална работа со единствена цел да се обезбеди упис на детето во матичната книга на родените.

   Законот за матична евиденција би можел да биде променет за да осигура дека Управата за водење на матичните книги на родените, венчаните и умрените пристапува до семејствата на новороденчињата родени во болница кои не ја исполниле нивната обврска да го запишат детето во рокот утврден со закон (како и Управата да е известена за раѓањето од страна на здравстсвената институција). На овој начин, семејствата ќе бидат предупредени да реагираат веднаш по неисполнувањето на обврската да ја завршат регистрацијата.

4. **Да се испитуваат можностите за измена на законодавтсвото што ќе им даде на судовите одговорност за дополнителното запишување во Матичната книга на родените.** Законот за вонпарнична постапка може да им даде на судовите надлежност да донесуваат одлуки за дополнителна регистрација. Тоа ќе овозможи сведоците да се сметаат за одговорни за нивните изјави. Судовите може да ги променат нивните одлуки, треба само да изнесат дека нивната одлука ја засновале на лажни докази и податоци. Овој модел веќе функционира во регионот (Косово).

   **Широка дискусија со сите вклучени засегнати страни – државни институции, граѓански организации и експерти треба да го идентификува најсоодветното решение.**

5. **Да се осигурува спроведувањето на стандардизираната процедура за дополнителен упис.** Државните институции одговорни за донесување на одлуки за дополнителен упис треба да спроведуваат стандардизирана процедура, која понатаму може да биде правно стандардизирана. Ова ќе ја направи процедурата појасна и за институциите и за барателите и може да бара обука и дополнителни прирачници (или други акти) за одговорните јавни службеници.

6. **Да се обезбеди на нивото на индивидуалната заедница систем на правна помош и совети за Ромите за упис на родените, граѓански статус и добивање на документи за лична идентификација.** На граѓанските актери треба да им се зајакнат капацитетите и ресурсите за поефикасно работење. Тие треба да бидат во можност да ангажираат надворешна правна помош. Соодветни средства од државата треба да се обезбедат.

7. **Да се воспостави соработка со соседните земји за обезбедување соодветен граѓански статус на лицата кои живеат во Македонија а се родени во соседните земји.** Ова првенствено се однесува на Косово и Србија. Моделот на соработка имплементиран од страна на Црна Гора и Косово, со мобилни тимови од една од земјите (Косово) кои спроведуваат регистрација и издавање на документи за граѓани кои живеат во другата земја (Црна Гора). Овие документи потоа се користат за регулирање на нивниот граѓански статус и во Црна Гора.

8. **Да се истражуваат можностите за законски измени во регистрацијата на живеалиште и престојувалиште.** Бездомници Роми и Роми кои живеат во нелегално изградени објекти не смеат да бидат исклучени од можноста да добијат лични документи. Треба да се најдат решенија, земајќи го во предвид постоечките регионални искуства како “привремени лични карти“ издадени во Србија, бидејќи немање сопственост или закуп не смее да ги лиши граѓаните од остварувањето на другите човекови и граѓански права.

9. **Да се развие регионална соработка и размена за прашањата за упис на родените, граѓански статус и диокументи за лична идентификација.** Државните институции посебно и граѓанските организации треба да останат вклучени во иницијативите за размена на практики и искуства за овие прашања помеѓу земјите во регионот.



This EU funded project is implemented in a consortium led by Eptisa Southeast Europe doo

# ЦИТИРАНИ ДОКУМЕНТИ

Акционен план за вклучување на Роми и Роми бегалци. Статус на реализација на активности со податоци од 2014 година

The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2015, Европска Комисија, 2015

Review report of legislation, procedures and practices, with recommendations related to citizen's status and personal identification documents for Roma, EPTISA, 2016

Закон за државјанство на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 67/1992; 8/2004; 98/2008; 158/2011 и 55/2016)

Закон за лична карта (Службен весник на Република Македонија бр. 8/1995; 38/2002; 16/2004; 12/2005; 19/2007; 10/2010; 51/2011; 13/2012; 166/2012; 154/2015 и 55/2016)

Закон за матична евиденција (Службен весник на Република Македонија бр. 8/1995, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/2013, 43/2014, 148/2015 и 27/2016)

Закон за семејство (Службен Весник на Република Македонија бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015)